**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина по скратена постапка

**Скопје, Јануари 2010 година**

ВОВЕД

**I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Главната причина за пристапување кон измени и дополнување на Законот за животна средина е потребата од измени на одредени одредби од законот со цел обезбедување услови за негово подобро спроведување.

Како главни проблеми за кои се јави потреба од измена е потребата од усогласување на Законот за животна средина со измените и дополнувањата на Законот за општа управна постапка заради примена на начелото молчење на администрација.

Друга причина е потребата за усогласување на надоместокот за возила и пловни објекти со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, заради обезбедување на поголема ефикасност во наплатата на надоместокот.

Останатите измени произлегуваат од потреба за допрецизирање и проширување на правните основи за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од законот заради усогласување со законодавството на ЕУ.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата ќе се олесни примената на Законот за животна средина со што ќе се овозможи подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот.

Основни цели се:

- Примена на начелото молчење на администрацијата;
- Донесување на подзаконскита акти заради понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ;
- Зголемување на ефикасноста во наплатата на надоместокот за возила согласно член 180 од Законот за животна средин;
- намалување на негативното влијание врз животната средина;
- усогласување со законодавството на Европската унија (Директива);

Донесувањето на регулативите ќе обезбеди понатамошно усогласување на законодавството на РМ со она на ЕУ и ќе обезбеди зголемување на ефикасноста на наплатата на надоместокот за возила согласно член 180 од Законот за животна средина.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ
НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина предвидени се приходи од 100.000 денари на годишно ниво во Буџетот на Република Македонија врз основа на измената на надоместокот за возила, односно се постигнува поголема ефикасност во наплатата на надоместокот за возила.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ,

ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените измени не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

Донесувањето на измените на Законот за животна средина не предизвикуваат дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

Предложените измени на Законот за животна средина во член 180, утврдениот износ на надоместокот не преставува реално зголемување на надоместокот што до сега се плаќа при регистрацијата на моторните возила. Утврдениот надоместок во измените преставува само средна вредност од досегашниот надоместок што се наплатувал при регистрација на возилата од страна на овластените правни лица за технички преглед на возилата.

Со проширувањето на правниот основ за донесување на подзаконски акти, нема да се предизвика дополнителни трошоци за администрацијата и за засегнатите страни, од причина што подзаконските акти се веќе планирање и предвидени со Законот за животна средина, при што измените што се предлагаат со овој закон, само номотехнички го подобруваат правниот основ заради обезбедување на правна рамка за донесување на подзаконските акти кои ќе овозможат транспонирање на законодавството на ЕУ.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со измените и дополнувањата на Законот се врши транспонирање на одредени дефиниции од Директивата 2001/42/ЕЦ со што се врши нејзино целосно транспонирање.

VI. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со донесување на измени и дополнувања на Законот не се врши измени на други закони.

VII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Од причини што не е во прашање сложен и обемен закон како и не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на ЕУ согласно член 170 од Деловник на Собранието на Република Македонија („Службен Весник на РМ“ бр.91/08), предлагаме истиот да се донесе по скратена постапка .

Предлог на закон за изменување и дополнување на
Законот за животната средина

Член 1

(1) Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/05,81/05,24/07,159/08 и 83/09) во член (5) став (1) во точката 4 зборовите: „Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики„ се заменуваат со зборовите: „Регистарот за испуштање и пренесување на загадувачи„.
(2) Во точката 9 зборот: „Информативен” се заменува со зборовите: „Национален информативен”.
(3) Точката 10 се менува и гласи: „Регистарот за испуштање и пренесување на загадувачи е збир на податоци за изворот, видот, количината, начинот и местото на испуштање, пренесување и одлагање на загадувачките материи и супстанции и отпадот во медиумите на животната средина”.
(4) По точката 10 се додаваат две нови точки 10-а и 10-б кои гласат
„10-а. Национална листа на показатели е приказ на показатели за состојбата со животната средина со кои се пропишува временската динамика на собирање на податоците, форматот, изворот и начинот на проток и размена на податоците;
10-б Информации од областа на животната средина е секаков тип на информации во пишана, визуелна, електронска или друг вид на материјална форма согласно член 51 од овој закон.“
(5) По точката 34 се додаваат две нови точки 34 – а и 34 – б кои гласат:
„34-а. Оцена на животната средина” е збир на акции преку кои: се подготвува извештајот за животната средина, се спроведуваат консултации, се зема во предвид извештајот за животна средина и резултатите од консултациите при донесувањето на одлуки и се обезбедува достапност на информациите во согласност со одредбите од глава X - Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина од овој закон;
„34-б. Извештај за животна средина” е дел од документација на планскиот документ кој содржи информации од член 67 став 2 од овој закон;“

Член 2

Во член 23 ставот (3) се менува и гласи:
„За домашни и/или увезени технологии, технолошки линии, производи, полупроизводи и/или суровини во Република Македонија, увозникот и/или корисникот, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, приложува документ издаден од овластен орган на земјата - производител и на земјата - извозник, со кој се докажува дека домашната и/или увезената технологија, технолошка линија, производи, полупроизводи и/или суровини ги исполнуваат пропишаните норми за заштита на животната средина на државата од која потекнуваат и дека истите не се забранети во земјата - производител и во земјата - извозник.“

Член 3

(1) Во член 24 во став (2) по зборот: „елаборатот” во вториот ред се додаваат зборовите: „во рок од пет дена од денот на приемот”.
(2) Во став (7) по зборот: „елаборатот“ се додаваат зборовите: „или не го одобрува елаборатот“.
(3) По став (10) се додаваат шест нови става (11), (12), (13), (14), (15) и (16) кои гласат:
“(11) Надлежниот орган за одобрување на елаборатот од став (7) на овој член е должен да донесе решение со кое го одобрува елаборатот или не го одобрува

елаборатот, во рок од 30 дена од денот на приемот на елаборатот од став (2) на овој член.
(12) Доколку надлежниот орган за одобрување на елаборатот утврди дека елаборатот не ги содржи барањата од став (3) на овој член, ќе побара правното или физичкото лице да го дополни елаборатот во рок од 15 дена.
(13) Надлежниот орган за одобрување на елаборатот доколку во рокот утврден во став (11) од овој член од комплетирањето на елаборатот не донесе решение со кое го одобрува елаборатот или решение со кое не го одобрува елаборатот, подносителот на елаборатот има право во рок од три дена од истекот на тој рок да поднесе барање до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина односно до градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и на градот Скопје за донесување на решение со кое ќе се констатира дека настапиле законските услови за примена на членот 129-а од Законот за општа управна постапка, поради што ќе се смета дека поднесокот за одобрување на елаборатот е одобрен".
(14) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина односно до градоначалникот на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје е должен да донесе решение најдоцна во рок од пет дена од приемот на барањето од став (13) на овој член, откако ќе утврди дека:

- елаборатот не содржи формални недостатоци и ги содржи сите потребни податоци;
- доставени се сите прилози;
- поминал рокот во кој требало да се донесе решение за одобрување на елаборатот од став 11 на овој член; и
- барањето од ставот (13) на овој член е навремено.

(15) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина односно градоначалникот на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје не донесе решение согласно со ставот (14) од овој член, подносителот има право да поведе управен спор пред надлежен суд.
(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината на образецот на барањето од став (13) на овој член."

Член 4

(1) Во насловот на член 33 на крајот од реченицата се додаваат зборовите: „на животната средина".
(2) Ставот (1) се менува и гласи:
„Со цел да се врши мониторинг на медиумите и областите на животната средина, на територијата на Република Македонија се воспоставува државна мрежа за мониторинг на животната средина, којашто се состои од државните мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области на животната средина (во натамошниот текст: државни мрежи за мониторинг) која ја формира Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството."
(3) Во став (2) зборовите: „од државната мрежа„ се заменуваат со зборовите: „до државната мрежа„.

Член 5

(4) Во член 36 став (1) по зборовите: „ кои имаат извор на емисија” се додаваат зборовите: “и технолошките процеси”.
(5) Во став (5) во алинејата 1 по зборот: „емисиите„ се става запирка и се додаваат зборовите: “ технолошките процеси”.
(6) Во алинејата 4 по зборовите: „ тековниот месец„ се додаваат зборовите: „и/или согласно роковите утврдени во интегрираните еколошки дозволи или дозволи за усогласување со оперативен план„.

Член 6

(1) Насловот на Глава VI и на член 40 се менува и гласи: „Национален информативен систем за животна средина“
(2) Во член 40 во став (1) по зборот: „воспоставува” се додаваат зборовите: „развива, води и кординира “.
(3) Ставот (3) се менува и гласи:
„Информативниот систем се воспоставува, развива, води и се кординира, на начин што обезбедува база на релевантнни податоци – сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбата,квалитетот и трендовите на сите медиуми и области на животната средина, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање заради интегрално управување со заштита на животната средина и/или со поединечните медиуми или области на животната средина, како и за следење на имплементацијата на документите за одржлив развој и заштита на животната средина.”
(4) Во став (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и Националната листа на показатели”.
(5) Ставот (5) се менува и гласи:
„Формата, содржината, начинот на водење и одржување на Националниот информативен систем за животна средина, формата и содржината на обрасците и роковите за доставување на податоците и информацииите за состојбата со животната средина од ставот (4) на овој член до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, начинот на управување со тие податоци и нивното публикување ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

Член 7

(1) Во член 40-а во ставот (1) зборот: „националната„ се земенува со зборот: „државната„.
(2) По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:
„(5) Правните и физичките лица од членот 36 од овој закон, како и правните и физичките лица кои вршат мониторинг на животната средина се должни на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да му обезбедат непречен пристап и користење на податоците потребни за Националниот информативен систем за животна средина, без надоместок.”

Член 8

(1) Насловот на членот 41 се менува и гласи:
„Регистар за испуштање и пренесување на загадувачи„
(2) Ставот (1) се менува и гласи:
„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува и одржува Регистар за испуштање и пренесување на загадувачи (во натамошниот текст: Регистар на загадувачи) којшто е составен дел на Катастарот за животна средина.“

(3) Во став (3) зборовите: „Регистар на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики„ се заменуваат со зборовите: „Регистар на загадувачи„.
(4) Во став (4) зборот: „Регистарот“ се заменува со зборовите: „Регистарот на загадувачи„.

Член 9

(1) Во член 42 во став (1) по зборовите: „Катастерот на заштитени подрачја„ се става запирка и се додаваат зборовите: „Регистарот на загадувачи,”.
(2) Во став (3) зборот: „водењето” се заменува со зборовите: „востановување и водење”.
(3) Во став (5) зборот: „месечно” се заменува со зборот: „годишно”.

Член 10

Во целот текст на член 43 зборот: „Регистарот“ се заменува со зборовите: „Регистарот на загадувачи„.

Член 11

Членот 45 се менува и гласи:
„(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина секоја година изготвува Годишен извештај за квалитет на животната средина во Република Македонија.”
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со другите органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина, секоја втора година изготвува Индикаторски извештај за животна средина (во натамошниот текст: Индикаторски извештај), а на секои четири години изготвува Извештај за состојбата со животната средина во Република Македонија (во понатамошниот текст: Извештај). Извештајот и Индикаторскиот извештај се достапни на јавноста во согласност со одредбите од глава VIII од овој закон.
(3) Извештајот и Индикаторскиот извештај од став (2) на овој член ги усвојува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Владата на Република Македонија Извештајот го поднесува до Собранието на Република Македонија заради информирање.
(4) Формата, содржината, целите, начинот на изработка и видот и изворите на податоци кои се користат за изработка на Извештајот, како и начинот на оценувањето на Извештајот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да изготват Извештај за состојбата на животната средина на нивното подрачје. Извештајот е достапен на јавноста во согланост со одредбите од глава VIII од овој закон.
(6) Градоначалникот на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје го доставува Извештајот од ставот (5) од овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, за одобрување.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е надлежен за публикување и дистрибуција на Извештајот од став (2) на овој член.
(8) Министерот кој раководи со органот државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за изработка на Извештајот од став (2) на овој член формира координативно тело составено од претставници на органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина.

(9) Министерот кој раководи со органот државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на предлог на координативното тело, формира работни групи за изработка на делови од Извештајот од став (2) на овој член.
(10) Координативното тело изготвува проектни задачи за секоја работна група од став 9 на овој член, по кои ќе се изготвуваат соодветните делови од Извештајот од став (2) на овој член.
(11) Средствата за изготвување и публикување на Извештајот од став (2) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и други извори на средства утврдени со закон.“

Член 12

Во член 46 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:
„(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е одговорно тело на државно ниво за известување и координација на известувањето поврзани со состојбата со животната средина, кон меѓународните организации.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина соработува со Европската агенција за животна средина и известува во согласност со барањата на Европската информациска и набљудувачка мрежа (ЕИОНЕТ) како и со барањата на заедничкиот европски информативен систем за животна средина (СЕИС)„.

Член 13

Во член 69 ставот (5) се менува и гласи:
“Учеството на јавноста и објавувањето на информациите се врши согласно прописот од член 61 став (8) од овој закон.”

Член 14

Членот 78 се менува и гласи:
„(1) Владата на Република Македонија, во посебни случаи на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да одлучи, испитувајќи случај по случај, да не се врши оцена на влијанието врз животната средина, во целост или делумно, за проектите, во случај на:
- воена или вонредна состојба;
- за потребите на одбраната на Република Македонија, доколку се утврди дека спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина има негативен ефект врз одбраната или
- потреба од итно спречување на настаните кои не можеле да се предвидат, а кои можат сериозно да влијаат врз здравјето, безбедноста, имотот на луѓето или врз животната средина.
(2) За проектите од ставот (1) алинеја 2 на овој член, Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува одлука да не се врши оцена на влијанието врз животната средина и истата се објавува на веб страната на Владата на Република Македонија и на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната. Одлуката се објавува најмалку во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.
(3) Покрај одлуката од став (2) на овој член на веб страните од став (2) на овој член се објавуваат и информации за:
- влијанието на проектот врз животната средина;

- создавање на отпадот и отпадните води (вид и количина, присуство на опасни и штетни материи и супстанции и сл.);
- влијанието на проектот врз биодиверзитетот;
- користење на природните богатства;
- меѓусебното влијание на елементите од алинеите 1,2,3 и 4 на овој став; и
- адреса каде може да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.

(4) Заради обезбедување на доволно време за информирање на јавноста, информациите од член (3) од овој член се достапни на веб страните најмалку 30 дена.

(5) Во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од став (4) од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласста на одбраната е должен сите добиени забелешки, мислења и предлози, со поединечен или збирен одговор на истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласста на животната средина.

(6) Врз основа на добиените податоци од член (5) од овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласста на животната средина донесува решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот согласно член 87 од овој закон.

(7) Решението од став (6) на овој член се објавува согласно член 90 став (5) од овој закон.“

Член 15

Во член 107 ставот (11) се менува и гласи:

„Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласста на животната средина ги пропишува супстанциите за кои задолжително се пропишуваат гранични вредности на емисија во А-интегрираната еколошка дозвола согласно став (5) на овој член.“

Член 16

Во член 121 ставот (2) се менува и гласи:

(2) „Владата на Република Македонија ја пропишува висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите од став (1) на овој член на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од обласста на животната средина.”

Член 17

По членот 146 се додава нов член 146 – а кој гласи:

„Член 146 - а

Интерсекторска соработка

(1) Со цел да се обезбеди интерсекторска соработка за следење на активностите за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции, Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласста на животната средина формира меѓуресорско тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции.

(2) Меѓуресорското тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции се состои од единаесет члена, и тоа по еден член од: органот на државната управа надлежен за работите од обласста на животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од обласста на управување со кризи (Центар за управување со кризи), органот на државната управа надлежен за работите од обласста на заштита и спасување ( Дирекција за заштита и спасување), органот на државната управа надлежен за работите од обласста на транспортот и врските, органот на државната управа надлежен за работите од обласста на здравството, органот на државната управа надлежен за работите од обласста на внатрешни работи, органот на државната управа

надлежен за работите од областа на одбраната, органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанство, државен инспекторат за техничка инспекција и Заедницата на единиците на локална самоуправа.
(3) Стручно – административните и техничките работи за меѓуресорското тело ги врши органот надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина од член 160 од овој закон.“

Член 18

Во член 148 по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:
„(6) Содржината на извештајот за мерките на безбедност ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.”

Член 19

Во член 150 по став (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Содржината на информациите од ставот (1) на овој член, како и за начинот на постапување на лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.”

Член 20

(1) Во член 179 во став (2) по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:
„по 250 ден/kW ладилен капацитет за уред за климатизација”.
(2) Во став (4) во алинеја 5 зборовите: „6,00 ден/кг” се заменуваат со зборовите: „62,00 ден/кг.”

Член 21

Членот 180 се менува и гласи:

„(1) Висината на надоместокот што се плаќа за правни и физички лица што ја загадуваат животната средина со користење на моторни возила, за период од една година изнесува, и тоа :

1) За мотоцикли, трицикли, и четирицикли:
   - До 50 $cm^3$ надоместок од 15,00 денари.
   - Од 50 $cm^3$ – 100 $cm^3$надоместок од 25,00 денари.
   - Од 100 $cm^3$ – 175 $cm^3$ надоместок од 35,00 денари.
   - Од 175 $cm^3$ – 250 $cm^3$ надоместок од 45,00 денари.
   - Од 250 $cm^3$ – 500 $cm^3$ надоместок од 75,00 денари.

- Од 500 $cm^3$ – 750 $cm^3$ надоместок од 115,00 денари.
- Над 750 $cm^3$ надоместок од 165,00 денари.

2) За патнички моторни возила, и тоа:
   - До 22 kW надоместок до 70,00 денари.
   - Од 22 kW – 33 kW надоместок од 85,00 денари.
   - Од 33 kW – 44 kW надоместок од 95,00 денари.
   - Од 44 kW – 55 kW надоместок од 110,00 денари.
   - Од 55 kW – 66 kW надоместок од 125.00 денари.
   - Од 66 kW – 84 kW надоместок од 145,00 денари.
   - Од 84 kW – 100 kW надоместок од 170,00 денари.
   - Од 100 kW – 150 kW надоместок од 210,00 денари.
3) За товарни моторни возила:
   - Носивост до ½ t., надоместок од 130,00 денари.
   - Носивост до 1 t, надоместок од 145,00 денари.
   - Носивост до 2 t, надоместок од 225,00 денари.
   - Носивост до 3 t, надоместок од 250,00 денари.
   - Носивост од 3-5 t, надоместок од 280,00 денари.
   - Носивост од 5-7 t, надоместок од 325,00 денари.
   - Носивост од 7-10 t, надоместок од 505,00 денари.
   - Носивост од 10-15 t, надоместок од 590,00 денари.
   - Носивост над 15 t, надоместок од 705,00 денари.

4) За тегначи надоместок од 705,00 денари.

5) За автобуси :
   - Автобуси наменети за меѓуградски сообраќај и автобуси на туристички агенции, надоместок од 545,00 денари.
   - Автобуси наменети за градски и приградски сообраќај и јавен превоз на патници, надоместок од 380,00 денари.

6) За трактори, надоместок од 200,00 денари.

7) За специјални возила надоместок од 200,00 денари.

8) За комбинирани возила надоместокот изнесува согласно надоместокот пресметан според носивоста на моторното возило од точка 3 на овој став.

(2) Висината на надоместокот што се плаќа за правни и физички лица што ја загадуваат животната средина со користење на пловни објекти при регистрација на пловни објекти за период од една година изнесува 3 % од основното осигурување.
(3) Обврзникот за плаќање на надоместокот од ставот (1) и (2) на овој член е домашно правно или физичко лице на чие име е регистрирано моторното возило или пловниот објект.
(4) Од плаќање на надоместокот од ставот (1) и (2) на овој член е ослободен домашното правно или физичко лице на чие име е регистрирано моторното возило или пловниот објект, доколку моторното

возило или пловниот објект работи на хибриден или електричен погон (еколошки возила или пловни објекти).
(5) Надоместокот од став (1) и (2) на овој член за домашно правно или физичко лице се наплатува при регистрација на моторни возила, а го пресметува и наплатува овластеното правното лице за вршење на технички преглед во постапката на регистрација на возилото или пловниот објект, односно при продолжување на важноста на регистрацијата и го уплатува еднаш месечно на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка .
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина склучува посебни договор со правното лице од став (5) на овој член заради обезбедување наплата на надоместокот.

Член 22

(1) Во член 194 став (4) по зборовите: „хемиски супстанции„ се става запирка и се додаваат зборовите: „отпадни материјали наменти за преработка и рециклирање„.
(2) По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:
„(6) Државниот инспекторат за животна средина врши надзор врз работата на овластените инспектори за животна средина во примената на прописите за животната средина при вршењето на инспекцискиот надзор.“

Член 23

(1) Во член 198 став (1) во точката 14) по зборот: „емисија„ се додаваат зборовите: „и технолошкиот процес„.
(2) Во точката 47) сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.
(3) Во точката 48) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“, и се додава нова точка 49 која гласи:
„49) Привремено да одземе опрема, производи, уреди и апарати кои преставуваат извори на загадување или деградација на животната средина, или не ги исполнуваат пропишаните услови и стандарди за заштита на животната средина, се до отстранување на недостатоците, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган.“

Член 24

(1) Во член 200 по став (6) се додава нов став (7) кој гласи:
“(7) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор утврди дека рокот утврден со решението од став (1) од овој член очигледно не е доволен правните и физичките лица да преземат мерки со кои ќе се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти, државниот инспектор може да определи дополнителен рок кој е поголем за најмногу уште 120 дена од рокот определен во став (1) на овој член.„

(2) Ставовите (7), (8) и (9) стануваат ставови (8), (9) и (10) .
(3) По ставот (10) кој станува став (11) се додаваат два нови става (12) и (13) кои гласат:
„(12) За одземените предмети од став (1) точка 8 на овој член инспекторот за животна средина издава потврда за привремено одземање на предметите.
(13) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.“

Член 25
(1) Во членот 203 по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:
“(6) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, овластениотт инспектор утврди дека рокот утврден со решението од став (1) од овој член очигледно не е доволен за правните и физичките лица да преземат мерки со кои ќе се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти, државниот инспектор може да определи дополнителен рок кој е поголем за најмногу уште 90 дена од рокот определен во став (1) на овој член.„
(2) Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (7), (8) и (9).
(3) По ставот (9) кој станува став (10) се додаваат два нови става (11) и (12) кои гласат:
„(11) За одземените предмети од став (1) точка 5 на овој член инспекторот за животна средина издава потврда за привремено одземање на предметите.
(12) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши во согласност со Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.“

Член 26
Во член 209 по став (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:
„(6) Во вршењето на работата од своја надлежност државните инспектори и овластените инспектори соработуваат меѓу себе.
(7) Овластените инспектори се должни на барање на Државниот инспекторат за животна средина да му ги достават сите податоци и документи поврзани со вршењето на инспекцискиот надзор.“

Член 27
Во член 211 во став (1) по точката 38) се додава нова точка 39) која гласи:
„39) Оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ги спроведуваат одредбите од член 24 од овој закон.„

Член 28
(1) Во член 212 – в во став (1) по зборот: „212-ѓ„ се додаваат зборовите: „и 212-е„
(2) Ставот (5) се менува и гласи:
„Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го утврдува видот на општокорисната работа, начинот на избор на примателите,, начинот на нејзиното доделување, извршување и контрола, како и формата и содржината на обрасците со кои се потврдува дека општокорисната работа е извршена од сторителот. Висината на средствата наменети за општокорисна работа не може да биде повисока од висината на пропишаната глоба за прекршокот.“

Член 29

Во член 212 – г зборовите: „212-е„ се заменуваат со зборовите: „212-ж„

Член 30

(1) Во член 212 – е став (6) во точката 11) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.
(2) Во точка 12) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“, и по истата се додава нова точка 13) која гласи:
„13) издаде потврда или извештај за извршена општокорисна работа без истата да биде извршена од страна на лицето упатено на извршување општокорисна работа.“

Член 31

Насловот на членот 212 – д и членот 212 – д се менува и гласти:

„Општокорисна работа

(1) Како приматели на општокорисна работа во соласност со член 212-в став (4) од овој законе може да бидат определени државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, невладини организации, јавни претпријатија, јавна установа (здравствени и социјални установи) и други хуманитарни организации со кои органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина има склучено договор за примање на општокорисна работа.
(2) Изборот на приматели на општокорисна работа за невладини организации, јавни претпријатија, јавна установа (здравствени и социјални установи) и други хуманитарни организации се врши по пат на јавен конкурс, кој го распишува и води органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Субјектите од став (2) од овој член избрани како приматели на општокорисна работа склучуваат договор за примање на општокорисна работа со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, за време од три години со право на повторен избор.
(4) Доделувањето на опшокорисната работа државните и овластените инспектори ја вршат согласно начелото на блискост според седиштето на субјектот најблиску до местото каде што е сторен прекршокот односно местото на живеење на сторителот на прекршокот и начелото на еднаквост помеѓу примателите на општокорисната работа..
(5) Министерството за животна средина и просторно планирање води евиденција на склучени договори за примање на општокорисна работа.
(6) Глобата изречена со одлука од Прекршочната Комисија или утврдена во Спогодбата донесена од Комисијата за посредување може да се замени со општокорисна работа.
(7) Замената на глобата со општокорисна работа се врши со решението на Прекршочната Комисија со кое се одлучува за прекршокот врз основа на барање на сторителот.
(8) Општокорисната работа може да се состои во :
- вршење или сторување на општокорисна работа како реална работа и
- доделување на средства за вршење на општокорисна работа.
(9) Кога општокорисната работа се спроведува преку реална работа, глобата за прекршокот определена во постапките за порамнување и посредување нејзиното чинење се засметува од 10 евра до 20 евра за 3 часа реална работа согласно тежината на реалната работа. Извршувањето на реалната работа не може да биде определено повеќе од 90 дена за период од 270 дена.
(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го утврдува видот на

општокорисната работа, нејзиното чинење, начинот на нејзиното доделување, извршување и контрола, како и го пропишува начинот на објавување и спроведување на јавниот конкурс од став (2) на овој член и поблиските услови што треба да ги исполнуваат правните лица од став (2) на овој член.
(11) Формата и содржината на образецот со кој се потврдува дека е реализирана општокорисна работа ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(12) Спроведувањето на реалната работа се врши во согласност со прописите за работни односи во поглед на времетраењето на работниот ден и заштитата при работа.“

Член 32
Примена на одредбите на овој закон

Одребите од член 19 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 април 2010 година, а одредбите од членовите 18 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Член 33

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животна средина.

Член 34
Влегување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот**

Со предложените измени се врши проширување и подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти кои се однесуваат на мониторингот на животната средина и информативниот систем. Покрај дополнување на правните основи дополнување е извршено во однос на извештајот за животна средина со што се прецизира органот кој е надлежен за подготовка на извештајот како и постапката за подготовка на истиот.

Со измените на член 24 се врши усогласување со измените и дополнувањата на Законот за општа управна постапка односно со член 129 – а од Законот за општа управна постапка во однос на спроведување на начелото молчење на администрација. Доколку во определен рок министерството односно градоначалникот не донесе решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина странката има право во рок од три дена да поднесе барање до министерот дека настапиле законски услови за примена на член 129 – а од ЗОУП, односно ќе се смета дека елаборатот е одобрен. Врз основа на поднесеното барање министерот односно градоначалникот е должен да донесе решение најдоцна во рок од пет дена. Доколку министерот во утврдениот рок не донесе решение подносителот има право да поведе управен спор пред надлежен суд.

Во делот на оцена на влијание на проектите врз животната средина се врши измена на член 78, со кој се врши појаснување дека оцена на влијанието на проектот врз животната средина нема да се врши за проектите наменети за потребите на одбраната, доколку се утврди дека спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина има негативен ефект врз одбраната. Во тој случај Владата на Република Македонија донесува одлука дека не се врши оцена на влијанието врз животната средина и истата се објавува на веб страната на Владата и на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за одбрана. По истекот на рокот за јавноста, врз основа на добиените податоци, Министерството за животна средина и просторно планирање донесува Решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот согласно член 87 од Законот за животна средина.

Во член 146 се воведува инстерсекторско тело заради обезбедување интерсекторска соработка за следење на активностите за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции составено од сите релевантни институции. Исто така во оваа глава се врши подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти.

Во член 179 се воведува нов надоместок за уредите за климатизација кој изнесува 250 ден за kW ладилен капацитет како и се врши промена на надоместокот кој се плаќа за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка (супстанции од Анекс Ц група I). Наплатата на овие надоместоци започнува од 01.01.2011 година и истиот е согласно потребите од забрзана елиминација на супстанциите класифицирани во Анекс Ц група 1 од Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка донесени на 19 состанок на земјите членки на протоколот.

Согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, („Службен Весник на РМ“ бр.140/2008) се пристапи кон изменување и дополнување на член 180 кој се однесува на висината на надоместоците за моторни возила и пловни објекти. Со новиот член се врши прецизирање на надоместокот кој се плаќа за секој тип на возило. Со предложените измени не се врши дополнително оптоварување на правните и физичките лица кои вршат

регистрирање на моторните возила во Републима Македонија, туку само е променет основот за утврдување на надоместокот, од претходно утврдениот процент од основното осигурување, сега надоместокот се утврдува во конретни износи. Утврдените износи не преставуваат зголемување, туку истите преставуваат среден износ од надоместокот кој се плаќа во овој момент.
Со член 212-д се врши допрецизирање на членот за видот на општокорисната работа, кој може да биде примател на општокорисна работа, како се врши избор на примател, начинот на склучување на договор за вршење на општокорисна работа, како и под кои услови може да се врши општокорисна работа, како и подобрување на правниот основ за донесување на подзаконските акти.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Изените на Законот не се обемни и се однесуваат исклучиво на проширување и подобрување на правните основи за донесување на подзаконскита акти, како и промена на вредностите на надоместокот за моторни возила и пловни објекти, поради што решенијата соддржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и се однесуваат на иста правна работа.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на измените и дополнувањата на Законот за животна средина ќе се овозможи подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти, како и усогласување на Законот за животна средина со Законот за општа управна постапка .
Со утврдување на конкретните износи на надоместокот во членот 180 од Законот за животна средина, всушност се намалуваат трошоците кај правните лица кои вршат регистрација на возилата, во однос на потребните софтверски решенија за претходното пресметување на надоместокот врз основа на процент од основното осигурување. Воедно, со измените на член 180 од Законот за животна средина, ќе се обезбеди едношалтерски систем за регистрација, при што граѓаните ќе бидат заштедени од трошоци во поглед на потребата од доставување на осигурителна полиса пред да се изврши технички преглед на возилата, особено за оние технички станици кои немаат овластени агенти за осигурување од сите осигурителни компании.
Со измените на членот 180 од Законот за животна средина ќе се обезбеди и зголемен процент на наплатата на надоместокот, од причина што со донесувањето на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Реппублика Македонија“ бр. 88/05, 70/06 и 81/08), осигурувањето се одвои од постапката за регистрација на возила.
Воедно, поголема ефикасност во наплата на надоместокот се постигнува и со фактот дека со измените на член 180 законската обврската за наплата на надоместокот се утврдува да биде правното лице овластено за технички преглед на возилата, наместо досега предвиденото павно лице за регистрација на моторните возила, што всушност беше овластеното лице на министерството за внатрешни работи, кое реално нема надлежност во собирање на надоместоци при регистрација на возилата.